<u>Н А Ц Р Т</u>

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 април 2025 година

Скопје, април 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 април 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 14:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата, согласно расправата на седницата на Владата.

<u>Точка 2</u>

По однос на оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 3</u>

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*
*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.